**ПСИХОЛОГИЈА**

**Д-р Ана Фрицханд**
**Д-р Зоран Киткањ**
**М-р Соња Милошевска**

Прегледно- Научен труд

**“ПРОСВЕТНО ДЕЛО“**
**LXX,5,2017**
**UDK:**
37.064.1-057

# РОДИТЕЛСКИ СТИЛОВИ КАЈ ЛИЦА ОД РАНА ВОЗРАСНА ДОБА СО РАЗЛИЧЕН СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ И ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА СЕМЕЈСТВОТО

**АПСТРАКТ:** Во овој труд се испитуваат разликите во родителските стилови кај лица од рана возрасна доба со различен степен на образование, кои живеат во функционални, односно во дисфункционални семејства. Во истражувањето се опфатени вкупно 160 испитаници, на возраст од 25 до 40 години, од кои 80 живеат во функционални семејства, а 80 живеат во дисфункционални семејства. Според степенот на образование, испитаниците се поделени на три групи - со завршено основно образование (N=33), со завршено средно образование (N=89) и со више и високо образование (N=38). Фокусот на мерењето е насочен кон авторитарниот, попустливиот, занемарувачкиот и авторитативниот родителски стил. Добиените резултати се во согласност со поголемиот број истражувања на оваа тема. Имено, лицата со понизок степен на образование почесто ги практикуваат авторитарниот, попустливиот и занемарувачкиот родителски стил, во споредба со лицата со високо образование кај кои овие стилови се поретко застапени, а најчесто се практикнува авторитативниот (демократски) родителски стил. Исто така, родителите кои потекнуваат од функционални семејства значително повеќе го практикуваат авторитативниот

стил, во споредба со родителите од дисфункционалните семејства, кои почесто го практикуваат авторитарниот, односно попустливиот родителски стил.

***Клучни зборови***: родителски стил, степен на образование, функционалност на семејство, рана возрасна доба

## Вовед

Семејството денес, на прво место ја става социјализаторската функција, а заедно со неа и воспитната и образовната функција. Во рамки на семејството, родителството е една од најсложените социјални улоги кои поединецот може да ги има. Тоа е една од трите кариери на раната возрасна доба. Во процесот на социјализација, родителите остануваат важни и во периодот на адолесценција, не само во детството. Оттука, родителскиот стил кои возрасните поединци кои се реализирани како родители го практикуваат, е мошне значаен за оптималниот развој на децата и на адолесцентите, исто како што е значајно дали семејството во кое детето/адолесцентот се развива, е функционално или дисфункционално. Во таа насока, теоријата и емпиријата недвосмислено покажуваат дека степенот на функционалност на семејството има сериозни ефекти врз квалитетот на животот генерално, како и врз индивидуалниот развој на поединецот.

Родителството е процес во кој родителите го поттикнуваат физичкиот, емоционалниот, социјалниот и сознајниот развој на детето, од најраното детство (Шурбановска, 2013). Притоа, доследноста во одгледувањето на детето е многу важна компонента на родителството. Одледувањето треба да биде прилагодено на развојната фаза, како и на индивидуалните можности и способности на детето. Тоа е динамичен и двонасочен процес, во кој децата имаат свои стилови на однесување, кои неретко се реакција на однесувањето на родителите.

Од друга страна, родителите никогаш не се вклопуваат потполно во теоретскиот опис на одреден родителски стил. Најчесто, во пракса, повеќето родители користат комбинација на стилови од кои обично само еден преовладува.

Ефикасноста на родителските стилови е имплицитно и експлицитно поврзана со функционалноста на семејството. Неефикасните и штетни родителски стилови се почесто практикувани од страна на родителите во дисфункционалните семејства. Тие значително го засегаат и осуетуваат оптималниот развој на децата и адолесцентите кои живеат во вакви семејства, предизвикувајќи сериозни штети во повеќе развојни домени. Проценката дали семејството е функционално или дисфункционално зависи од целите кои семејството си ги поставува пред себе, а во нив се вклучени системот на норми, вредности, животниот тек и задоволувањето на економските и културните потреби.

## Родителски стилови

Родителскиот стил најчесто се определува како збир од постапки со кои родителите на најдобар начин ќе ги остварат своите воспитни цели, без притоа да се наруши емоционалниот однос помеѓу нив и нивното/нивните дете/деца, што значи дека постапката произлегува или од основното чувство на прифаќање и љубов или од отфрлувањето и условената љубов. Децениските истражувања на оваа тема, покажуваат дека односот помеѓу родителите и децата е основа за успешна социјализација на детето. Со нивниот релативно постојан начин на однесување спрема детето, родителите охрабруваат или елиминираат некои облици на однесување кај своите деца (Todorović, 2005).

Според Рохнеровата теорија на прифаќање и отфрлање (Шурбановска, 2013), родителското прифаќање и родителското отфрлање заедно ја формираат топлината - димензија или континуум на кој се наоѓаат сите деца. Димензијата топлина се однесува на квалитетот на афективната врска помеѓу родителите и нивните деца и на сите однесувања - физички,

вербални и симболични кои родителите ги користат за да ги искажат своите чувства. Едниот крај на континуумот се карактеризира со *родителско прифаќање* кое се однесува на топлината, афекцијата, негата, грижата, поддршката или едноставно љубовта која родителите ја чувствуваат и искажуваат спрема своите деца. На другиот крај е *родителското отфрлање*, кое се однесува на отсуството или значителното повлекување на сите претходно споменати чувства и однесувања и со присуство на различни, штетни, физички и психолошки однесувања и чувства.

Истражувањата укажуваат на значајна временска стабилност на индивидуалните разлики во однесувањето на родителите спрема нивните деца (Collins & Russel, 1991). Резултатите најчесто упатуваат на постоење две основни димензии на родителското однесување: емоционалност и контрола (Darling & Steinberg, 1993; Peterson & Rollins, 1987 според Sussman, Steinmetz & Peterson, 1999). Димензијата *емоционалност* е биполарна димензија која се однесува на емоциите кои родителот ги доживува и покажува во интеракциите со детето. На едниот крај на димензијата се наоѓа емоционалната топлина, а на другиот емоционалното студенило. Димензијата *контрола*, која исто така е биполарна, се однесува на оние однесувања кои родителите ги користат во интеракцијата со децата за да ги менуваат нивните однесувања и внатрешни состојби (Peterson & Rollins, 1987; според Sussman, Steinmetz & Peterson, 1999). На едниот крај се постапките на цврста контрола на детското однесување, а на другиот се постапките на слаба контрола.

Две најпознати класификации на родителските стилови дале Баумринд (Baumrind, 1966), која наведува три различни родителски стила: авторитативен, авторитарен и попустлив (пермисивен) стил и Мекоби и Мартин (Maccoby & Martin, 1983), кои на оваа класификација го додаваат и незаинтересираниот родителски стил.

Родителите со *авторитативен* стил на воспитување ги насочуваат детските активности на рационален и целисходен начин, поттикнуваат вербална комуникација, ги објаснуваат

причините за своите постапки и го сослушуваат детето кога има приговори на родителските постапки и барања. Високо ги вреднуваат волјата на детето и дисциплината. Навремено ги препознаваат детските потреби и соодветно ги задоволуваат. Поставуваат јасни правила за однесување и јасни барања. Секогаш го земаат предвид развојниот период и развојните можности на детето.

Родителите со *авторитарен* стил ги обликуваат, контролираат и евалуираат однесувањата и ставовите на детето во согласност со апсолутните стандарди за однесување. Тие очекуваат безусловна послушност и користат казнени и насилни мерки за спречување на самоволието кога детските акции или верувања се спротивни на тоа што тие го сметаат за правилно однесување. Не ги земаат предвид потребите и правата на детето. Веруваат во рестрикција на автономијата на детето и го наградуваат одржувањето на редот и традиционалната структура. Не поттикнуваат вербална комуникација, верувајќи дека детето треба да го прифати нивното мислење и ставови.

И авторитативниот и авторитарниот родителски стил подразбираат цврста контрола на детското однесување. Разликата меѓу нив е во димензијата емоционалност и во видот на контрола кој го користат. Авторитативните родители повеќе користат бихевиорална контрола. Авторитарните родители заедно со бихевиоралната применуваат и психолошка, дисфункционална контрола, со што го оневозможуваат развојот на автономијата кај детето (Darling & Steinberg, 1993).

Родителите со *попустлив* стил на воспитување се однесуваат на неказнувачки, прифатлив и афирмативен начин кон импулсите, желбите и активностите на своите деца. Имаат ниски барања од детето и општо прифаќање и топлина во односите. Му дозволуваат на детето само да си ги регулира сопствените активности колку што е можно повеќе, не практикуваат контрола и не поттикнуваат почитување на надворешно дефинираните стандарди. Употребуваат манипулација за да ја постигнат посакуваната цел, но не и отворена моќ.

Пермисивните родители ја минимизираат контролата над детето и практикуваат неконзистентна дисциплина (Todorović, 2005).

*Незаинтересираните* родители се карактеризираат со ниска контрола и ниска емоционална топлина. Тие не ги контролираат своите деца, индиферентни се спрема нивните секојдневни активности и не ги забележуваат деталите и потребите кои се значајни за среќата и развојот на децата (Todorović, 2005).

Според (Мурџева-Шкариќ, 2009), авторитативното родителство ги развива диспозициите за среќа, самоувереноста кај децата во врска со способноста за совладување на задачите и учење нови вештини, емоционалната регулација, придонесува за помала ригидност во врска со половите црти (пр. сензитивност кај момчињата и независност кај девојчињата), води кон добро развиени социјални вештини и слично. Авторитарното родителство развива диспозиции за анксиозност, повлеченост и отсуство на среќа, придонесува за појава на сиромашни реакции на фрустрација кај децата, ниско себепочитување, се јавуваат потешкотии во социјални ситуации, од една страна, а од друга страна, овој родителски стил поттикнува добар успех во училиште и ја намалува веројатноста децата да се вклучат во антисоцијални активности. Попустливото родителство доведува до слаба емоционална регулација, бунтовничко и пркосно однесување, децата не покажуваат упорност при извршување на задачите, имаат сиромашни социјални вештини, покажуваат несигурност поради недостаток на граници и насочувања и имаат склоност кон антисоцијални однесувања.

## Функционалност на семејството

Во литературата терминот *функционалност* често се користи за дефинирање на оптимално семејство. Функционално обично означува нешто што претставува суд за употребливоста на семејните обрасци и достигнување на семејните цели.

Функционалното семејство има капацитет да се прилагоди на промените, потребите за развој и да одговори на барањата од надворешната средина. Позицијата од која функционалноста се разгледува како процес, се заснова на општата теорија на системи и подразбира просечно и оптимално функционирање, како основна карактеристика во човековиот систем. Оптималното функционирање на семејството се концептуализира низ развојни интеракции и процеси со кои се обезбедува неговата интегрираност и опстојување и способност тоа да ги оствари своите основни задачи, одгледување и заштита на децата. Значењето на функционалното семејство подразбира процес на адаптација преку кој се запознаваат и совладуваат задачи од секоја фаза, како и справувањето со стрес од една во друга фаза.

Терминот *дисфункционалност* се однесува на семејните модели со кои не се исполнуваат задолжителните семејни задачи, туку доаѓа до јавување на различни видови симптоми и незадоволство.Дисфункционалното семејство е дезорганизирано, дезориентирано, со нарушени односи и семејна функционалност, а основните вредности на системот се нескладни. Дисфункционални семејства, се семејства кои не се во состојба да се приспособат на новонастанатите услови за живеење, со што семејството во текот на целото свое постоење е подложено на стрес. Дисфункционалните семејства користат и дисфункционален патолошки начин на однесување, кој се изразува преку различни форми на однесување.

Дисфункционалност во семејството може да настане ако кај еден или кај двајцата родители се забележи користење на алкохол, дрога или други психотропни супстанции под чие дејство можат да настанат различни проблеми во однесувањето, семејни расправии, малтретирања, автоагресија или пак физички напади. Семејното насилство е карактеристично за дисфункционалните семејства и за него станува збор при намерно повредување, заплашување или принудување на член или членови во семејниот контекст на блиски врски. Нискиот степен на образование на родителите, исто така, претставува причина за дисфункционалност на едно семејство. Ваквите

родители не можат да ја постигнат рамнотежата на улогите и нивната подготвеност за одржување на трајни односи, како и со умешноста за правилно воспитување и правилен развој на личноста на детето.

Од погоре изнесените сознанија, изведени се две истражувачки хипотези, според кои: 1) *Родителите со повисок степен на образование поретко ги практикуваат нефункционалните родителски стилови, за разлика од родителите со понизок степен на образование*; 2) *Родителите од функционални семејства почесто го практикуваат функционалниот (авторитативен) родителски стил, во споредба со родителите од дисфункционалните семејства, кои почесто практикуваат нефункционални родителски стилови (авторитарен, попустлив и занемарувачки)*.

## МЕТОД

### *Испитаници*

Во истражувањето опфатени се вкупно 160 испитаници, на возраст од 25 до 40 години, од кои 80 живеат во функционални семејства, а 80 живеат во дисфункционални семејства. Според степенот на образование, испитаниците се поделени на три групи - со завршено основно образование (N=33), со завршено средно образование (N=89) и со више и високо образование (N=38). Истражувањето се реализираше во ПОУ ,,Иднина" - Скопје и ООУ ,,Александар Македонски" – Скопје, а како испитаници се вклучени родители чии децата кои ги посетуваат овие две институции, а кои искажаа согласност за учество. Во истражувањето се вклучени двајцата родители од семејството. Споредбата на групите е обезбедена преку нивно изедначување според варијабли за кои се претпоставува дека може да влијаат врз резултатите (пол, возраст, брачен статус, работен статус и број на деца во семејството).

*Мерни инструменти*

**Прашалник за проценка на родителски стилови (Assessing Parenting Styles)** од авторот Џон Готман, се користи за проценка на перцепцијата на сопствениот родителски стил. Содржи 81 прашање во кои се имплементираат чувството на тага, страв и гнев на родителите и нивните деца. Родителите одговораат на сите прашања, а доколку не се сигурни во одговорот, го заокружуваат оној кој сметаат дека е најсоодветен. Со овој инструмент се мерат чатири стила на родителство: *авторитарен, попустлив, занемарувачки, и авторитативен*. Скорот на секој од стиловите се добива така што се собираат одговорите на испитаниците на соодветните тврдења за секој стил поединечно и тој збир потоа се дели со бројот на тврдења за секој од четирите стила. Повисок скор укажува на поголема присуство (почесто практикување) на соодветниот родителски стил.

**Прашалник за демографски податоци -** конструиран за потребите на истражувањето. Во него се опфатени прашања кои се однесуваат на општите податоци за испитаниците, како што се пол, возраст, образование, брачен статус, работен статус и социјален статус.

*Постапка*

Теренскиот дел од истражувањето се реализираше во текот на 2016 година. Секој испитаник пред почетокот на истражувањето беше запознаен со текот и со целта на истражувањето, како и со начинот на пополнување на инструментите. Паралелно со прибирањето на податоци, беше извршена анализа на достапната документација која се однесува на проблемот на истражувањето. Истражувањето се одвиваше анонимно, а резултатите се преставени на групно ниво.

**Резултати**

Во Табела 1 се претставени дескриптивните статистици за варијаблите родителски стил и степен на образование.

**Табела 1**: Дескриптивни статистици за родителски стил и степен на образование

| Родителски стил | Ниво на образование | N | M | SD | SE |
|---|---|---|---|---|---|
| Авторитарен | основно | 33 | 16.12 | 3.586 | .624 |
| | средно | 89 | 15.08 | 2.982 | .316 |
| | више и високо | 38 | 12.82 | 3.245 | .526 |
| | Вкупно | 160 | 14.76 | 3.362 | .266 |
| Попустлив | основно | 33 | 7.30 | 1.403 | .244 |
| | средно | 89 | 6.87 | 1.700 | .180 |
| | више и високо | 38 | 6.11 | 1.573 | .255 |
| | Вкупно | 160 | 6.78 | 1.656 | .131 |
| Занемарувачки | основно | 33 | 18.45 | 3.483 | .606 |
| | средно | 89 | 18.16 | 2.868 | .304 |
| | више и високо | 38 | 16.53 | 3.554 | .577 |
| | Вкупно | 160 | 17.83 | 3.237 | .256 |
| Авторитативен | основно | 33 | 16.39 | 3.665 | .638 |
| | средно | 89 | 16.53 | 3.042 | .322 |
| | више и високо | 38 | 17.24 | 2.295 | .372 |
| | Вкупно | 160 | 16.67 | 3.026 | .239 |

Со примена на едноставна еднонасочна АНОВА, добиена е статистички значајна разлика на ниво 0.01 за *авторитарниот* ($F(160)=10.599$, $p=.000$) и за *попустливиот* родителиски стил ($F(160)=5.177$, $p=.007$), додека за *занемарувачкиот* родителски

стил добиената вредност е статистички значајна на ниво 0.05 (F(160)=4.323, p=.015). Не се најдени статистички значајни разлики помеѓу родителите со различен степен на образование во однос на авторитативниот родителски стил (Табела 2). Дополнителните анализи со Шефе пост-хок тестот покажуваат статистички значајни разлики на нивно 0.01, односно на ниво 0.05 помеѓу сите споредувани групи.

**Табела 2**: АНОВА за разлики во родителските стилови помеѓу лица од средна возрасна доба со различен степен на образование

| Родителски стил | SS | df | MS | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Помеѓу групи | 213.819 | 2 | 106.909 | 10.599 | **.000**** |
| Во групи | 1583.675 | 157 | 10.087 | | |
| Вкупно | 1797.494 | 159 | | | |
| Помеѓу групи | 26.969 | 2 | 13.485 | 5.177 | **.007**** |
| Во групи | 408.931 | 157 | 2.605 | | |
| Вкупно | 435.900 | 159 | | | |
| Помеѓу групи | 86.990 | 2 | 43.495 | 4.323 | **.015*** |
| Во групи | 1579.453 | 157 | 10.060 | | |
| Вкупно | 1666.444 | 159 | | | |
| Помеѓу групи | 16.517 | 2 | 8.258 | .901 | .408 |
| Во групи | 1438.927 | 157 | 9.165 | | |
| Вкупно | 1455.444 | 159 | | | |

Забелешка: *p<0.05; ** p<0.01

Во Табела 3 се претставени дескриптивните статистици за варијаблите родителски стил и функционалност на семејсвото. Притоа, испитаниците се поделени во две групи според тоа во каков тип на семејство живеат (функционално или дисфункционално). Ваквата поделба е направена врз основа на податоците од досиејата на децата кои ги посетуваат установите во кои е спроведувано истражувањето.

**Табела 3**: Дескриптивни статистици за родителски стил и функционалност на семејството

| Родителски стил | Функционалност на семејството | N | M | SD | SE |
|---|---|---|---|---|---|
| Авторитарен | функционално | 80 | 13.33 | 3.105 | .347 |
| | дисфункционално | 80 | 16.19 | 2.994 | .335 |
| Попустлив | функционално | 80 | 6.39 | 1.673 | .187 |
| | дисфункционално | 80 | 7.16 | 1.554 | .174 |
| Занемарувачки | функционално | 80 | 17.39 | 3.224 | .360 |
| | дисфункционално | 80 | 18.27 | 3.210 | .359 |
| Авторитативен | функционално | 80 | 17.73 | 1.949 | .218 |
| | дисфункционално | 80 | 15.61 | 3.517 | .393 |

За тестирање на разликите во однос на родителските стилови помеѓу родители од функционални и од дисфункционални семејства, пресметан е t-тест за големи и независни групи. Освен за *занемарувачкиот* родителски стил, каде не е најдена статистички значајна разлика помеѓу родителите од функционални и од дисфункционални семејства, добиените вредности за *авторитарниот* ($t(160)= -5.936$, $p=.000$), *попустливиот* ($t(160)= -3.036$, $p=.003$) и *авторитативниот* родителски стил ($t(160)=4.700$, $p=.000$), се статистички значајни на ниво 0.01 (Табела 4).

**Табела 4:** Т-тест за разлики во родителските стилови помеѓу лица од функционални и од дисфункционални семејства

| Родителски стил | | t | df | Sig. (2-tailed) |
|---|---|---|---|---|
| Авторитарен | Еднак. на вар. (прет.) | -5.936 | 158 | **.000** |
| | Еднак. на вар. (непрет.) | -5.936 | 157.792 | **.000** |
| Попустлив | Еднак. на вар. (прет.) | -3.036 | 158 | **.003** |
| | Еднак. на вар. (непрет.) | -3.036 | 157.161 | **.003** |
| Занемарувачки | Еднак. на вар. (прет.) | -1.745 | 158 | .083 |
| | Еднак. на вар. (непрет.) | -1.745 | 157.997 | .083 |
| Авторитативен | Еднак. на вар. (прет.) | 4.700 | 158 | **.000** |
| | Еднак. на вар. (непрет.) | 4.700 | 123.330 | **.000** |

## Дискусија и заклучок

Спроведените анализи на родителските стилови кај лица од рана возрасна доба со различен степен на образование, односно помеѓу родители кои живеат во функционални и во дисфункционални семејства, покажуваат дека постојат статистички значајни разлики помеѓу споредуваните групи на испитаници. Имено, во однос на различниот степен на образование, се забележува дека лицата со понизок степен на образование почесто ги практикуваат нефункционалните родителски стилови, како што се авторитарниот, попустливиот и занемарувачкиот стил, во споредба со лицата со више и високо

образование кај кои овие стилови се поретко застапени, а најчесто се практикнува авторитативниот (демократски) родителски стил. Ваквиот наод е во согласност со други истражувања од оваа област, кои јасно посочуваат дека степенот на образование има значаен удел во начинот на одгледување и воспитување на децата. Истражувањата, исто така, покажуваат и дека семејствата кои спаѓаат во среден и висок социоекономски слој, во поголем процент покажуваат авторитативно однесување.

Во однос на разликите во родителските стилови помеѓу родители од функционални и од дисфункционални семејства, добиените наоди се очекувани и во склад со други истражувања на оваа тема. Поточно, родителите кои потекнуваат од функционални семејства значително повеќе го практикуваат авторитативниот родителски стил, во споредба со родителите од дисфункционалните семејства, кои почесто го практикуваат авторитарниот, односно попустливиот стил. Лацковиќ-Гргин (Lacković-Grgin, 2006), на пример, потврдила дека родителскиот стил продонесува за развој на социјалното однесување на децата. Тоа е најразвиено кај децата од семејство во кое владее демократскиот воспитен стил. Понатаму, истражувањето кое го направиле Дековиќ и соработниците (Dekovic, Janssens & VanAs, 2003; според Čudina-Obradović i Obradović, 2006) покажало дека асоцијалното однесување најчесто се јавувало кај деца чии родители применувале непријателски однос, методи на присила, стога контрола и казнување, а односите на родителите и децата биле обоени со проблеми, со малку близина и недостаток на топлина. Матијевиќ и Тодоровиќ (Матејевић и Тодоровић, 2014) дошле до заклучок дека авторитативниот родителски стил на двајцата родители е најпосакуван и е непосредно поврзан со семејните обрасци. Со тоа докажале дека целосното родителско функционирање се потпира на семејната функционалност и тоа говори за приспособувањето на родителите во семејниот систем и авторитативниот стил кој е прифатен од него.

Ова истражување, иако контролира одреден број демографски варијабли кои би можеле да влијат врз резултатите, сепак не ги исцрпува сите варијабли кои би требало

да се опфатат во некое следно истражување (на пример, местото на живеење, социоекономски статус и слично). Воедно, идните истражувања треба да се насочени кон надминување на некои од главните ограничувања на ова истражување, како што се можноста за давање социјално пожелни одговори од страна на испитаниците, изедначеноста на условите за одговарање, јаснотијата на тврдењата во прашалниците и слично.

Ana Fritzhand, PhD.,
Zoran Kitkanj, PhD.,
Sonja Miloshevska, MA

## PARENTING STYLES OF INDIVIDUALS FROM EARLY ADULTHOOD WITH DIFFERENT EDUCATION LEVEL AND FAMILY FUNCTIONALITY

ABSTRACT:This paper examines the differences in parenting styles among individuals from early adulthood with varying degrees of education, living in functional, or dysfunctional families. The survey includes 160 respondents, aged 25 to 40, of which 80 live in functional families, and 80 live in dysfunctional families. According to the level of education, the respondents are divided into three groups - with completed primary education (N = 33), with completed secondary education (N = 89) and with higher education (N = 38). The focus is directed to the authoritarian, permissive, neglectful and authoritative parenting style. The results obtained are in line with the majority of research on this topic. Namely, people with a lower level of education are more likely to practice the authoritarian, permissive and neglectful parenting style, compared to those with higher education, in whom these styles are rarely represented, and usually the authoritative (democratic) parenting style is practiced. Also, parents who live in functional families considerably more use the authoritative style, compared to parents from dysfunctional families who more often practice the authoritarian, or permissive parenting style.

**Keywords**: parenting style, education level, family functionality, early adulthood

**Литература:**


- Baumrind, D. (1966). Effects of Authoritative Parental Control on Child Behavior, *Child Development,* 37, 4, 887-907.
- Collins, W. A., & Russell, G. (1991). Mother-Child and Father-Child Relationships in Middle Childhood and Adolescence: A Developmental Analysis. *Developmental Review*, 11, 99–136.
- Čudina-Obradović, M. i Obradović, J. (2006). *Psihologija braka i obitelji.* Zagreb: Golden marketing-Tehnicka knjiga
- Darling, N. & Steinberg, L. (1993). Parenting Style as Context: An Integrative Model. *Psychological Bulletin*, 113, 3, 487-496
- Lacković-Grgin, K. (2006). *Psihologija adolescencije*. Zagreb: Naklada Slap
- Maccoby, E. E., & Martin, J. A. (1983). Socialization in the Context of the Family: Parent-Child Interaction. In P. H. Mussen, & E. M. Hetherington (Eds.), *Handbook of Child Psychology*: Vol. 4. Socialization, Personality, and Social Development (pp. 1-101). New York: Wiley.
- Матејевић, М. и Тодоровић, Ј. (2014). Култура као димензија родитељства. Во: Димитријевић, Б. (Ур.). *Савремене парадигме у науци и научној фантастици*, 589-597, Зборник на трудови од меѓународен научен собир во Ниш, Филозофски факултет
- Мурџева- Шкариќ, О. (2009). *Психологија на детството и на адолесценцијата, Филозофски факултет*, Скопје
- Sussman, M.B., Steinmetz, K.S., & Peterson, G.W. (Eds.) (1999). *Handbook of Marriage and the Family*. New York: Plenum Press
- Todorović, J. (2005). *Vaspitni stilovi roditelja i samopoštovanje adolescenata*, Niš: Prosveta
- Шурбановска, О. (2013). *Родителите и однесувањето на детето во училиштето*, „Бомат Графикс”, Скопје